Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК

од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 ноември 2020 година

Скопје, ноември 2020 година

З А П И С Н И К
**од Деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 ноември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:25 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Шкодране Дарлишта, директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

# ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на записниците од 11-та, 13-та, 14-та и 15-та седница на Владата, одржани на 13 октомври 2020 година, 20 октомври 2020 година, 22 октомври 2020 година и 26 октомври 2020 година.**

1. Предлог на буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

2. Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, по скратена постапка

3. Информација за реализација на мерката за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID 19 периодот, со Извештај на Комисијата за оцена на пријавите на деловните субјекти

4. Информација за заштита и унапредување на работничките права преку колективен договор на овластените службени лица во Шумската полиција

5. Предлог - одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (на Град Скопје)

6. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (на Општина Кичево)

7. Информација за воспоставување на Преспа форум за дијалог

8. Информација за Предлог за поднесување на кандидатура за претседавање на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа – ОБСЕ во 2023 година

9. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Казнено-поправен дом Идризово

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард, по скратена постапка

11. Предлог на закон за дополнување на Законот за студентскиот стандард, по скратена постапка

12. Информација за склучување на Договорот за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19 и за обезбедувањето на финансиска гаранција за плаќање, со текст на Договор

13. Предлог - одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Рашче“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ

14. Информација за набавка на медицински кислород за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники во комплекс клиники „Мајка Тереза“ Скопје

15. Кадровски прашања

16. Прашања и предлози

17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, по скратена постапка

18. Предлог на закон за изменување на Законот за финансирање на политичките партии, по скратена постапка

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 11-та, 13-та, 14-та и 15-та седница на Владата, одржани на 13 октомври 2020 година, 20 октомври 2020 година, 22 октомври 2020 година и 26 октомври 2020 година.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2021 година и го утврди со следните заклучоци:

1. Да се предвидат 30.000.000,00 денари за Агенцијата за млади и спорт.

2. Да се предвидат 10.000.000,00 денари за Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

3. Пречистениот текст на Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2021 година да се достави до Собранието, согласно член 179 од Деловникот на Собранието на Република Македонија

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, раководител на сектор во Министерството за финансии и Тања Трипунова, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, по скратена постапка, и го утврди со следните заклучоци:

1. Да се дополни со нов став членот од Предлогот на закон кој се однесува на реализација на капиталните расходи на буџетските корисници.

2. Текстот на Предлогот на закон да се дополни со одредба во однос на исплатата на дневниците за службени патувања во земјата.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, раководител на сектор во Министерството за финансии и Тања Трипунова, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на мерката за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост COVID 19 периодот, со Извештај на Комисијата за оцена на пријавите на деловните субјекти и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Извештајот изработен од страна на Комисијата за оцена на пријавите на деловните субјекти.

2. Се задолжува Министерството за економија да склучи договори со одобрените компании согласно Извештајот на Комисијата за оцена на пријавите на деловните субјекти.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за заштита и унапредување на работничките права преку колективен договор на овластените службени лица во Шумската полиција, за седницата на Владата кога ќе се разгледува Дополнетиот предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (135.000.000 денари на Град Скопје, како неповратна финансиска помош за справување со финансиските последици предизвикани поради кризата со корона вирусот во работењето на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје – Скопје), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (77.000.000 денари на Општина Кичево, за реконструкција на општинската зграда) и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на Преспа форум за дијалог, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за надворешни работи да ги спроведе сите активности за воспоставување на Преспа форум за дијалог и да ја организира првата меѓународна конференција со наслов - Преспа форум за дијалог, во текот на 2021 година.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог за поднесување на кандидатура за претседавање на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа – ОБСЕ во 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја поднесе кандидатурата за претседавање на Република Северна Македонија на претстојниот Министерски состанок на ОБСЕ во Тирана што ќе се одржи на 3 и 4 декември 2020 година во рамки на Албанското претседавање, со цел донесување на формална одлука за претседавањето и да ги спроведе потребните дипломатски активности за обезбедување на позитивна одлука.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја информира Владата за исходот на иницијативата и да поднесе план за реализација на претседавањето во

рок од 60 дена од денот на усвојувањето на одлуката од страна на Министерскиот состанок на ОБСЕ.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Казнено-поправен дом Идризово и условно ја донесе Одлуката, доколку предлагачот го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард, го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард кој се донесува по скратена постапка и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Сељатин Бељули, државен секретар во Министерството за образование и наука и Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за студентскиот стандард, го утврди како Предлог на закон за дополнување на Законот за студентскиот стандард кој се донесува по скратена постапка и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, а за повереници Сељатин Бељули, државен секретар во Министерството за образование и наука и Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

**Точка 12**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за склучување на Договорот за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19 и за обезбедувањето на финансиска гаранција за плаќање, со текст на Договор, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува доц.д-р Венко Филипче, министер за здравство, да го потпише Договорот за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19, без да спроведе една од постапките пропишани со член 47 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2019) со оглед на тоа дека овој договор претставува меѓународен договор со кој се преземаат права и обврски за нашата држава согласно Мислењето на Министерството за надворешни работи доставено со писмен допис број 46-26802/20-3 од 6.11.2020 година, што прави да биде подведен под исклучокот пропишан со членот 23 став (1) точка (1) од Законот за јавните набавки од примената на одредбите на овој закон.

2. Го прифати текстот на Договорот за гаранција и обештетување што треба да биде склучен помеѓу Гарантот и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), со оглед на тоа што Република Северна Македонија учествува во Механизмот за глобален пристап до вакцини за КОВИД-19 („COVAX механизам“) и ќе го склучи Договорот за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка), помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за COVID-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за COVID-19.

3. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за здравство да направи анализа на понудите на Комерцијална банка и на НЛБ Тутунска банка на финансиска гаранција на износ од 7.457.140 американски долари и врз основа на извршената анализа да ја извести Владата на Република Северна Македонија која од двете понуди е поповолна.

## Точка 13

Владата ја разгледа Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Рашче“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ и условно ја донесе Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Рашче“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Доколку при усогласувањето се појави потреба од суштински промени на текстот на Одлуката, истата повторно да се разгледа на наредната седница на Владата.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на медицински кислород за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники во комплекс клиники „Мајка Тереза“ Скопје, како материјал за информирање.

**<u>Точка 15</u>**

1. Владата ја именува Лепосава Веноска за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Скопје и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата ја именува Кристина Грозданоска за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Скопје и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата ја именува Елена Саздовска за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Скопје и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата ја именува Земиле Кодра за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Скопје и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го именува Недим Исмани за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го именува Драган Јовановски за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Куманово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го именува Бесим Весељи за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Куманово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го именува Агрон Речи за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Охрид и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата ја именува Татјана Донкова за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Струмица и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата ја именува Мирослава Панорова за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Гевгелија и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата ја именува Валерија Николова за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Велес и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата ја именува Билјана Симонова-Тасева за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Штип и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата ја именува Сузана Костова-Коцева за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Кавадарци и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

14. Владата го именува Ѓоко Талевски за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го именува Киро Северкоски за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Прилеп и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

16. Владата ја именува Олгица Јанева за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Кочани и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

17. Владата го именува Фетуш Алили за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

18. Владата го именува Иљбер Јусуфи за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Гостивар и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

19. Владата ја именува Катерина Талевска-Скепароска за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Струга и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

20. Владата го именува Костадин Петров за вршител на должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој, на предлог на Управниот одбор на Фондот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

21. Владата го именува Јован Деспотовски за вршител на должноста директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

22. Владата го именува Бесник Елези за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

23. Владата го разреши Томе Спировски од должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука.

23.1. Владата го именува Ардиан Муслиу за вршител на должноста директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

24. Владата го разреши Марјан Спасовски од должноста директор на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, на негово барање.

24.1. Владата го именува Ненад Цветковиќ за вршител на должноста директор на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

25. Владата го разреши Јовица Стојановиќ од должноста директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда, на негово барање.

25.1 Владата го именува Марјан Спасовски за вршител на должноста директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

26. Владата го разреши Александар Донев од должноста вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес.

26.1. Владата го именува Јовица Стојановиќ за вршител на должноста директор на КПУ Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

27. Владата го разреши Беким Халими од должноста директор на Службата за просторен информативен систем, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

27.1 Владата го именува Митко Крстевски за директор на Службата за просторен информативен систем, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

Предлогот е усвоен со еден глас против.

28. Владата го разреши Трајче Ангеловски од должноста член на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, поради постоење на состојба на судир на интереси.

29. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта

„Македонијапат" - Скопје за вршител на должноста заменик на директорот да го избере Самка Ибраимовски.

30. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави:

1) Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

2) Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот просветен инспекторат."

3) Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Управата за извршување санкции.

4) Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес.

5) Јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на директор на Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

**<u>Точка 16</u>**

**1.** Владата по Барањето од Министерството за одбрана за изменување на Заклучок по Информацијата за усвојување на текстот на втор Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Организацијата на Обединетите нации 1325 – Жени, мир и безбедност 2020–2025, усвоена на Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јули 2020 година (бр.44-7107/1) Точка 44, заклучи, заклучокот кој гласи:

„- Се задолжува Министерството за одбрана да изработи и достави до Владата на Република Северна Македонија информација за степенот на реализација на втората етапа до крајот на октомври 2020 година.“, да се измени и да гласи:

„- Се задолжува Министерството за одбрана да изработи и достави до Владата на Република Северна Македонија информација за степенот на реализација на втората етапа до крајот на ноември 2020 година.”

**2**. Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да склучи соодветни договори со единиците на локалната самоуправа за финансирање проекти од единиците на локалната самоуправа доделени во ребалансот на буџетот на Министерство за животна средина и просторно планирање и префрлање на финансиски средства на посебни наменски сметки, со цел реализација на проектите наведени во Прилог 1.

По реализацијата на проектите единиците на локалната самоуправа за истото да достават извештај до Министерството за животна средина и просторно планирање и Владата на Република Северна Македонија.

**3.** (1)Претседателот на Владата на Република Северна Македонија формира тим кој ќе го води процесот на преговарање на учеството во изградбата на Комбинирана когенеративна гасна електрана во следниот состав: Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Бајрам Реџепи, директор на „НЕР“ АД Скопје, Митко Андреевски, советник за енергетска политика на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, м-р Виктор Андонов, советник за енергетика на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и м-р Васко Ковачевски, директор на АД „ЕСМ“.

(2)Претседателот на Владата на Република Северна Македонија формира тим кој ќе го води процесот на преговарање на учеството во изградбата на Терминалот на течен природен гас – Александропулос во следниот состав: Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Митко Андреевски, советник за енергетска политика на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, м-р Виктор Андонов, советник за енергетика на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Бајрам Реџепи, директор на „НЕР“ АД Скопје.

(3)Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија тековно ќе информира во врска со напредокот во процесот на преговарање.

<u>**Точка 17**</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците и го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување

на Законот за прекршоците кој се донесува по скратена постапка, со следниве заклучоци:

1. Во текстот на Предлогот на законот, глобата утврдена во член 2 став (1) и (2) и член 3 став (1) и (2), да биде најмногу до дваесеткратен износ од настаната штета.

2. Текстот на Предлогот на закон, Министерството за правда номотехнички да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереник Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 18

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за финансирање на политичките партии, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во текстот на Предлогот на законот, во членот 9 процентот за исплата на средства наместо од вкупните изворни приходи на Буџетот на Република Северна Македонија во тековната година, да биде од основните приходи на Буџетот на Република Северна Македонија.

2. Текстот на Предлогот на закон, Министерството за правда редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереник Фросина Тасевска, државен секретар во Министерството за правда.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 23:10 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |